

ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПРИЈАВУВАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ПОЛАГАЊЕ НА КОЛОКВИУМИ И ИСПИТИ НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Скопје, 27.06.2024 година

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
Бр. 03-595/1
27.06 2024 год.
СКОПЈЕ 1

Врз основа на чл. 94 од Законот за високото образование („Службен весник на Р. Македонија“ бр.82/18) и член 72 од Статутот на Европски универзитет Скопје, Универзитетскиот сенат на 130-та седница, одржана на ден 27.06.2024 година, го донесе следниот:

ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ
на
П Р А В И Л Н И К
за начинот на пријавување, спроведување и полагање на колоквиуми и испити на прв и втор циклус студии

Член 1

Со овој Правилник се уредува постапката за пријавување, спроведување и полагање на колоквиумите и испитите на I /прв/ и II /втор/ циклус студии.

I. Пријавување и полагање на колоквиуми

Член 2

На Универзитетот во текот на учебната година, за секој предмет утврден со наставната програма во соодветниот семестар, се спроведуваат по 2 /два/ колоквиуми. Првиот колоквиум се полага по реализирање на наставните активности во траење од 6 /шест/ недели, а вториот по реализирање на наставни активности во траење од 7 /седум/ недели.

Времетраењето на колоквиумските недели се определува пред почетокот на академската година, согласно Универзитетскиот календар донесен од страна на Сенатот на Европски универзитет Скопје, претходно изготвен и потпишан од проректорот за настава.

Денот и времето за полагање на колоквиумите, како и распоредот по предавални ги определуваат деканот и продеканот на соодветниот факултет,

најмалку 14 /четиринаесет/ дена пред почетокот на колоквиумската недела и истите се доставуваат до Службата за студенски прашања, со потпис на деканот.

Термините од став 1, став 2 и став 3 на овој член можат да се изменат со одлука на проректорот за настава или ректорот.

Член 3

На образложено и заверено писмено Барање доставено до Службата за студентски прашања, може да се одложи полагање на колоквиум најдоцна за 7 /седум/ работни дена, од денот утврден во распоредот за соодветната колоквиумска недела. Барањето го разгледува и писмено го одобрува предметниот наставник.

Во Пријавата и во Извештајот за полагање колоквиуми се внесува денот кој е одложен за полагање во колоквиумската недела и кога студентот го полагал колоквиумот.

Член 4

Студентите кои не ги пријавиле колоквиумите во предвидениот рок, можат да ги пријават истите, во наредните 5 /пет/ работни дена во Службата за студенски прашања со плаќање на дополнителен финансиски надоместок за задоцнувањето.

Член 5

Студентот има обврска да го пријави колоквиумот со задолжително доставување на пријава за колоквиум во Службата за студентски прашања.

Службата за студентски прашања ги проверува пријавите и врз основа на нив, изработува конечен список за полагање на колоквиум во 2 /два/ примероци.

Еден примерок од конечниот список за полагање на колоквиумот, заедно со пријавата за колоквиум, Службата го доставува до предметниот наставник, а еден примерок задржува за сопствената документација.

Податоците за денот, времето и просторијата во која ќе се полагаат колоквиумите, задолжително, се објавуваат на огласната табла на Универзитетот.

Член 6

Службата за студентски прашања е должна до предметниот наставник да ги достави пријавите за колоквиуми, со конечниот список за полагање,

најмалку 5 /пет/ дена пред полагањето на колоквиумите.

Предметниот наставник пријавите за колоквиум и конечниот список за полагање на колоквиумот, целосно пополнети и потпишани од негова страна ги доставува до Службата за студентски прашања.

Предметниот наставник е должен при доставување на пријавите за колоквиуми и конечниот список за полагање во Службата за студентски прашања, да го евидентира точниот датум и својот потпис на официјалниот распоред за колоквиумска сесија.

Член 7

Колоквиумите се спроведуваат согласно подготвените прашања на предметниот наставник.

Бројот и карактерот на прашањата се во исклучива надлежност на предметниот наставник.

Доколку во читањето на одговорите на студентите се користи посебна опрема, прашањата треба да имаат таков карактер за да може да се читаат по електронски пат.

Член 8

Студентите можат да влезат во просторијата каде се спроведува полагањето на колоквиумот само со пријава за колоквиум која е евидентирана во списокот за полагање и со важечка легитимација (индекс, студентска легитимација и лична карта).

Предметниот асистент е должен да ги провери податоците на секој студент и да ги распореди студентите за полагање во предавалната.

Член 9

Времетраењето на полагањето на колоквиумите, во зависност од потребите и спецификите на определениот наставен предмет, изнесува од 60 до 120 минути.

За одредени предмети, поради нивниот карактер, предметниот наставникот може да го продолжи времетраењето на полагањето на колоквиумот.

Член 10

За секој колоквиум по одделен наставен предмет можат да се освојат најмногу 30 /триесет/ поени.

Услов за да се положи колоквиумот е освојување на најмалку 18

/осумнаесет/ поени.

Студентите кои нема да го освојат предвидениот минимум на поени (18), не можат да продолжат со полагање на вториот колоквиум и се упатуваат соодветниот наставен предмет да го полагаат преку испит.

Член 11

Поените добиени со полагање на двата колоквиуми претставуваат основа од која се поаѓа при формирање на завршната оценка.

Покрај поените од двата колоквиуми, во формирањето на конечната завршна оценка влегуваат следниве елементи:

- изработка на стручен труд (до 10 поени);
- презентација на стручен труд (до 10 десет поени);
- активност на час (до 10 десет поени);
- присуство на час (до 10 десет поени).

По сите основи, студентот може да освои најмногу 100 поени.

Член 12

Предметните наставници, по завршување на вториот колоквиум, формираат завршна оценка, и тоа како што следи:

- 00 до 50 поени оценка 5 (F и Fx)
- 51 до 60 поени оценка 6 (E)
- 61 до 70 поени оценка 7 (D)
- 71 до 80 поени оценка 8 (C)
- 81 до 90 поени оценка 9 (B)
- 91 до 100 поени оценка 10 (A)

Член 13

Предметниот наставник е должен резултатите од колоквиумите најдоцна во рок од 7 /седум/ работни дена, сметано од денот на полагањето, да ги достави до Службата за студентски прашања, која ги објавува на Огласна табла истиот ден кога се доставени.

Студентите можат кај предметниот наставник да извршат увид во остварените резултати од колоквиумот најдоцна во рок од 3 /три/ работни дена, сметано од денот на нивното објавување на Огласната табла од страна на Службата за студентски прашања.

По истекот на рокот предвиден во став 2 на овој член, студентите го губат правото на увид во резултатите од полаганиот колоквиум.

Член 14

Доколку не се задоволни од завршното оценување, студентите имаат право да поднесат приговор на завршната оценка до деканот на факултетот, сметано од денот на објавување на оценките од завршното оценување, на Огласната табла од страна на Службата за студентски прашања.

По барање на деканот, предметниот наставник треба да ја преиспита оценката од завршното оценување и ако ја потврди истата, студентот, кој полагал преку колоквиуми, може да ја прифати оценката или наставниот предмет да го полага преку испит.

Член 15

Студентите се должни да се обратат кај предметниот наставник за да ги евидентира завршните оценки во индекс, во рок од 14 /четиринаесет/ работни дена, сметано од денот на нивното објавување.

Доколку студентите не го направат тоа во предвидениот рок, должни се да поднесат молба до Службата за студентски прашања за да им се дефинира дополнителен термин за впишување на оценката во индекс.

II. Пријавување и полагање испити

Член 16

Студентите можат да полагаат испити во следните 8 /осум/ испитни сесии:

- септември
- октомври
- ноември
- декември
- февруари
- март
- април
- јуни

Времетраењето на испитните сесии се определува пред почетокот на академската година, согласно Универзитетскиот календар донесен од страна на Сенатот на Европски универзитет Скопје, претходно изготвен и потпишан од проректорот за настава.

Денот и времето за полагање на испитите, како и распоредот по

предавални ги определуваат деканот и продеканот на соодветниот факултет, најмалку 14 дена пред почетокот на испитната недела и истите се доставуваат до Службата за студенски прашања, со потпис на деканот.

Термините од став 1, став 2 и став 3 на овој член можат да се изменат со одлука на проректорот за настава или ректорот.

Член 17

На образложено и заверено писмено Барање доставено до Службата за студентски прашања пред дефинираниот термин за полагање, на студент може да му се одложи полагањето на испит, најдоцна за 7 /седум/ работни дена, сметано од денот утврден во распоредот за соодветната испитна сесија. Барањето го разгледува и писмено го одобрува предметниот наставник.

Во индексот, Пријавата и во Извештајот за полагање на испитите се внесува денот кој е одложен за полагање во испитната сесија и кога студентот го полагал испитот.

Член 18

Во испитна сесија, студентот има право да пријави најмногу 5 /пет/ испити.

Со одобрение на декан, по претходно поднесена и заверена Молба до Службата за студентски прашања (со наведување на наставните предмети) од страна на студент, може да се одобри да се пријават повеќе од 5 /пет/ испити во една испитна сесија.

Пријавувањето на испитите, начелно, се врши во првите 5 /пет/ работни дена во тековниот месец за секоја испитна сесија, со исклучок на септемвриската испитна сесија кога испитите се пријавуваат во втората половина на месец август.

Полагањето на испитите, начелно, се спроведува во втората половина на тековниот месец, освен во септември испитна сесија кога испитите се полагаат до 20-ти во месецот.

Член 19

Студентите кои не ги пријавиле испитите во предвидениот рок, можат да ги пријават истите, во наредните 5 /пет/ работни дена во Службата за студенски прашања со плаќање на дополнителен финансиски надоместок за задоцнувањето.

Член 20

Студентот има обврска да го пријави испитот со задолжително

доставување на пријава за испит во Службата за студентски прашања.

Службата за студентски прашања ги проверува пријавите и врз основа на нив, изработува конечен список за полагање на испити во 2 /два/ примероци.

Еден примерок од конечниот список за полагање на испитите, заедно со пријавите за испит, Службата го доставува до предметниот наставник, а еден примерок задржува за сопствената документација.

Податоците за денот, времето и просторијата во која ќе се полагаат испитите, задолжително, се објавуваат на огласната табла на Универзитетот.

Член 21

Службата за студентски прашања е должна до предметниот наставник да ги достави пријавите за соодветниот испит, со конечниот список за полагање, најмалку 5 /пет/ дена пред полагањето на испитот.

Предметниот наставник пријавите за испитот и конечниот список, од полагањето, целосно пополнети и потпишани од негова страна, ги доставува до Службата за студентски прашања.

Предметниот наставник е должен при доставување на пријавите за испити и конечниот список за полагање во Службата за студентски прашања, да го евидентира точниот датум и својот потпис на официјалниот распоред за испитна сесија.

Член 22

Испитите се спроведуваат согласно подготвените прашања на предметниот наставник.

Бројот и карактерот на прашањата се во исклучива надлежност на предметниот наставник.

Доколку во читањето на одговорите на студентите се користи посебна опрема, прашањата треба да имаат таков карактер за да може да се читаат по електронски пат.

Член 23

Студентите можат да влезат во просторијата каде се спроведува полагањето на испитот само со пријава за испит која е евидентирана во списокот за полагање и со важечка легитимација (индекс, студентска легитимација и лична карта).

Предметниот асистент е должен да ги провери податоците на секој студент и да ги распореди студентите за полагање во предавалната.

Член 24

Сите испити се полагаат писмено.

Само во некои специфични случаи, со одлука на предметниот наставник испитот може да се полага усно.

Времетраењето на полагањето на испитите, во зависност од потребите и спецификите на определениот наставен предмет, изнесува од 60 до 120 минути.

За одредени предмети, поради нивниот карактер, предметниот наставник може да го продолжи времетраењето на полагањето на испитот.

Член 25

За секој испит по одделен наставен предмет, можат да се освојат најмногу 100 поени.

Услов за да се положи испитот е освојување на најмалку 51 поен.

Предметните наставници ја формираат завршната оценка како што следи:

- 00 до 50 поени оценка 5 (F и Fx)
- 51 до 60 поени оценка 6 (E)
- 61 до 70 поени оценка 7 (D)
- 71 до 80 поени оценка 8 (C)
- 81 до 90 поени оценка 9 (B)
- 91 до 100 поени оценка 10 (A)

Член 26

Предметниот наставник е должен резултатите од испитите најдоцна во рок од 7 /седум/ работни дена, освен за испити кои се полагаат на повеќе делови (15 /петнаесет/ работни дена), сметано од денот на полагањето, да ги достави до Службата за студентски прашања, која ги објавува на огласната табла истиот ден кога се доставени.

Студентите можат да извршат увид во остварените резултати од испитот кај предметниот наставник, во рок од 3 /три/ работни дена, сметано од денот на објавувањето на резултатите.

По истекот на рокот, предвиден во став 2 на овој член, студентите го губат правото на увид во резултатите од полаганиот испит.

Член 27

Доколку не се задоволни од завршната оценка на испитот студентите имаат право да поднесат приговор на оценката до деканот на соодветниот

факултет, во рок од 24 часа, сметано од денот на објавување на оценките, на огласната табла од страна на Службата за студентски прашања.

По барање на деканот предметниот наставник треба да ја преиспита оценката од испитот.

Откако наставникот ќе ја преиспита оценката што ја утврдил и доколку ја потврди истата, студентот има право да ја прифати оценката за која поднесол приговор, или испитот да го поништи и да преполага во рок од 48 часа од конечното донесување на одлуката, во наредните работни денови, пред двочлена комисија, која ја формира деканот, составена од наставници од исто или сродно наставно - научно подрачје.

Оценката на комисијата е конечна.

Член 28

По барање на студент може да се овозможи повторно полагање на најмногу 4 /четири/испити од целокупната студиска програма за повисока завршна оценка по одреден наставен предмет, во период од најмногу 9 /девет/ месеци од полагањето.

Член 29

Завршните оценки од испитот, студентите се должни да ги евидентираат во индекс во рок од 14 /четиринаесет/ работни дена, сметано од денот на објавувањето.

Доколку студентите не го направат тоа во предвидениот рок, должни се да поднесат молба до Службата за студентски прашања за да им се дефинира дополнителен термин за впишување на оценка во индекс.

Член 30

Доколку предметниот наставник не им ги евидентирал завршните оценки на студентите во индекс, а во меѓувреме му престане работниот однос на универзитетот, истите може да се евидентираат од страна на Службата за студентски прашања (со печат и без потпис), само доколку студентот има уредна пријава за испит и е евидентиран во конечниот список за полагање.

III. Завршни одредби

Член 31

Автентично толкување на одредбите од овој Правилник дава Универзитетскиот сенат.

Член 32

За измени и дополонувања на Правилникот се спроведува постапка иста како и при негово донесување.

Член 33

Правилникот влегува во сила со денот на неговото донесување, од страна на Универзитетскиот сенат.

Претседател на Универзитетски сенат:

доц. д-р Соња Вујасин

